ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КАБИНЕТ

Бр. 13-1396/1
04.10.2013
Скопје

До:

Градоначалник на Општина Крива Паланка
Г-дин Арсенчо Алексовски

**Почитуван г. Алексовски,**

Дозволете ми по повод одбележувањето на празникот на општина Крива Паланка, во име на претседателот на Република Македонија д-р Ѓорге Иванов, да Ви упатам искрени честитки и воедно да Ви се заблагодарам на поканата за присуство на свеченостите по повод чествувањето на празникот.

Одбележувањето на овој свечен ден нека биде поттик за натамошни активности и заложби за развој на општина Крива Паланка и на Република Македонија во целост. Развојот на општините и локалната самоуправа е еден од предизвиците со кои се соочува Република Македонија во изминатиов период. Успехот кој секоја општина го постигнува значи и успех за нашата држава, но пред се задоволни граѓани. Општина Крива Паланка се покажа како општина која постигнува голем развој и успех, а тоа граѓаните знаат да го ценат и го наградуваат.

Со искрено жалење би сакал да Ве известам дека поради однапред превземени работни обврски претседателот на Република Македонија д-р Ѓорге Иванов нема да биде во можност да присуствува на Свеченостите по повод чествувањето на празникот.

Упатувајќи Ви ги уште еднаш срдечните честитки на претседателот Иванов Ви посакувам успешна организација на програмата по повод празникот и Ви посакувам продуктивна работа и во иднина.

Со почит,

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Борис Јосифовски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАБИНЕТ СКОПЈЕ